Најчесто поставувани Прашања и одговори во врска со Програмата за заштита на ранливи потрошувачи за енергија 2025 година

1. **Кои документи се потребни за апликација за добивање на вграден инвертер клима уред за категоријата лица со ниски приходи и ниска пензија?**
   Кон барањето (Образец 1 или 2) се доставува:
   1. Изјава за веродостојноста и точноста на податоците, заверена на нотар,
   2. Фотокопија од лична карта на барателот
   3. Фотокопија од лична карта за полнолетни лица, извод од матична книга на родени за малолетни лица, извод од венчани, потврда за развод или посмртница за член/членови од домаќинството) и
   4. Фотокопија од последна сметка за електрична енергија за 2025 година.

2. **Кои документи се потребни за апликација за добивање на финансиска поддршка за категоријата лица кои се со тешка или длабока интелектуална попреченост, најтешка телесна попреченост и лица кои се потполно глуви и потполно слепи?**
   Кон барањето (Образецот 1, Образецот 2, Образецот 3 или Образецот 4) се доставува:
   1. Изјава за веродостојноста и точноста на податоците, заверена на нотар,
   2. Фотокопија од Решение за стекнато право на корисник на посебен додаток за домаќинства со едно или повеќе со едно или повеќе лица со тешка или длабока интелектуална попреченост,
   3. Фотокопија од последната добиена сметка за 2024 година за потрошена електрична енергија во домаќинството,
   4. Фотокопија од лична карта на барателот и
   5. Фотокопија од лична карта за полнолетни лица, извод од матична книга на родени за малолетни лица, извод од венчани, потврда за развод или посмртница за член/членови од домаќинството).

3. **Кој не може да се стекне со финансиска поддршка**?
   Финансиска поддршка не може да стекнат ранливите потрошувачи на енергија согласно програмата коишто користат гарантирана минимална помош и остваруваат паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во согласност со член 42 од Законот за социјална заштита и за старите лица согласно член 7 од Законот за социјална сигурност на стари лица не им следува финансиска поддршка од овој оглас.

4. **Дали мора лично да се поднесат документите**?
   Не, важно е документите да се поднесат во затворено плико со точна назнака за кој оглас се поднесува документацијата.

5. **Дали може по пошта да се испратат?**
   Да, на адреса ул. „Македонија'' бр. 27, 1000, Скопје.

6. **Колку трае финансиската поддршка?**

Барателите се стекнуваат со финансиска во времетраење од 12 месеци, сметано од денот на аплицирање.

7. **Колкав е износот на финансиската поддршка**?
   -1000 ден. месечно.

8. **Кој е рокот за аплицирање по Јавниот оглас за финансиска поддршка за ранливи потрошувачи?**
   -30 дена од објавувањето на Јавниот оглас, односно до крајот на август 2025 година.

9. **Дали може преку email да се испратат документите**?
   Не.

10. **Дали ме следува финансиска подршка ако користам финансиска помош за енергенси во домаќинството?**
    Не.

11. **Каде можам да ги најдам документите?**
    На веб страната на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини или можат да се подигнат лично во Министерството.

12. **Дали изјавата мора да е заверена на нотар?**
    Да,мора.

13. **Дали јас како потполно глуво лице смеам да аплицирам доколку сметката за струја гласи на друг член на домаќинството**?
    Да.

14. **Дали останатите документи(освен изјавата мора да бидат заверени на нотар?**
    Не, само изјавата.

15. Дали е потребно од сметка за електрична енергија да направам фотокопија?
    Да.

16. **Како можам да докажам кои се членовите во моето домаќинството?**
    Во Образецот Барање, пополнете ги името и презимето за членовите на вашето домаќинство и доставете ги потребните документи (фотокопија од лична карка, фотокопија од венчаница, фотокопија од посмртница, фотокопија од извод на родени за малолетни лица).

17. **Каде можам да го најдам јавниот оглас ?**
На веб страната на Министерствотона следниот линк Јавни огласи - Односи со јавност - Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини - Република Северна Македонија

18. **Која е постапката на доделување на финансиска поддршка** ?
Поднесување на целосна документанција, преглед на документацијата од страна на комисијата,  проверка на податоците со надлежните институции и објавување на добитниците на веб страната на Министерството.

19. **На кои лица им следува финансиска поддршка**?
Финансиска подршка можат да стекна домаќинства во кои живеат лица со најтешка телесна попреченост, Лица со длабока интелектуална попреченост, Потполно глуви лица или Потполно слепи лица.

20. **Што ако документацијата не е комплетна**?
По прегледот на документацијата, во случај да не е потполна и уредна, Комисијата Ве известува преку телефон или емаил за надополнување на барањето и ви дава рок од 8 дена да постапите.

21. **Каде ќе биде објавен списокот со кои се стекнале со финансиска поддршка?**
Објавување на списокот на добитниците ќе биде на веб страната на Министерството.

22. **Дали ќе има списоци со баратели кои не се стекнати со финансиска поддршка и каде ќе бидат истакнати?**
Да, исто како и списоцоте со добитниците, на веб страната на Министерството.

23. **Дали ќе треба ние сами да ги известиме ЕВН дека сме добитници на финансиска подршка ?**
Не.

24. **Дали има шанси да ми биде укината финансиската поддршка пред истекот на 12 месеци?**
Доколку корисникиот на финансиска поддршка не го плати преостанатиот намален износ на две последователни сметки , на предлог на комисиите , Министерот носи решение со кое се укинува решението за стекнување финансиска помош.

25. **Кој може да се стекне со право на купен и вграден инвертер клима уред?**
Домаќинствата кои остваруваат ниски приоходи и не можат да воведат мерки за енергетска ефикасност во нивното домаќинство и пензионерите чија пензија е пониска од просечната пензија.

26. **Дали министерството ги сноси трошоците за набавка и вградување на инвертер клима уред?** Да

27. **Кои приходи се сметаат за ниски приходи**?
    Приходите остварени на месечно ниво во 2024 година треба да не го надминуваат износот од:
    -25.000,00 денари за едночлено домаќинство,
    -31.000,00 денари за домаќинство со два члена,
    -37.000,00 денари за домаќинство со три члена и
    -43.000,00 денари за домаќинство со четири или повеќе члена.

28. **Кои категории се опфатени во програмата за финансиска подршка**?
    -Домаќинство со едно или повеќе лица со попреченост со тешка или длабока интелектуална попреченост , со најтешка телесна попреченост , потполно слепо лице и потполно глуво лице , корисници на посебен надоместок заради попреченост со навршени 26 години возраст.

29. **Дали доколку имам веќе постоечки клима уред смеам да аплицирам**?
    -Да, доколку за инвертер клима уредот не сте користеле субвенција во претходните 5 календарски години од било кој извор.

30. **Дали ако сакам постоечкиот клима уред да го заменам со новиот добиен преку јавниот оглас, државата ги сноси трошоците**?
    Не, трошоците за демонтажа на веќе постоечки клима уред ги сноси корисникот кој се стекнал со правото на инвертер клима уред доделено од страна на министерството.

31. **Дали доколку го сменам живеалиштето во временски период од една година од стекнувањето на право на клима уред треба да го известам Министерството**?
    Да, поради предвидениот мониторинг кој ќе се врши од страна на Министерството за проверка на фактичката состојба на лице место.

32. **Колку трае рокот за аплицирање за стекнување со право на инвертер клима уред?**
    60 дена од објавувањето на јавниот оглас, односно до 05.10.2025 година.

33. **Дали преку субвенција доколку сум добил клима уред или печка на пелети можам да се стекнам со право на клима уред ?**
    Не.
34. **Во кој случај не ми следува право на клима уред**?
    Ако станбениот објект во кој живеам има приклучок на парно греење и ако преку субвенција сум добил инвертер клима уред или печка на пелети во изминатите 5 години.

35. **Која е постапката за аплицирање?**
    Пополнете го образецот за барање, заверете ја изјавата на нотар и поднесете ја документацијата во Министерството или преку пошта.

36. **Во кој случај моето право за стекнување на клима уред би било одбиено**?
-Доколку не ги исполнувате условите од јавниот оглас по однос на доходот или сте стекнале субвенција за инвертер клима уред или печка на пелети во изминатите 5 години или зградата или зградата има приклучок на парно греење.

37. **Дали ако по стекнувањето на клима уредот одлучам да го продадам или подарам клима уредот ќе сносам последици за тоа?**
-Да , во изјавата заверена на нотар која ја приложувате заедно со останатиот дел од документацијата , Вие давате согласност за мониторинг од страна на Министерството и доколку Министерството утврди не правилности или фактичка состојба спротивна на условите предвидени од програмата за стекнување на право на инвертер клима уред , Министерот донесува решение со кое се укинува решението за стекнување на правото на купен и вграден инвертер клима уред.

38. **Што се подразбира под мониторинг**?
-Проверка и утврдување на потенцијални неправилности или фактичка состојба спротивна на условите предвидени од програмата за стекнување на право на инвертер клима уред лично од претставници од Министерство на адресата на барателот-корисник на правото на инвертер клима уред.